**МАКМОНТИНГ М ДООЕЛ-ШТИП**

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ЗА ГОДИНАТА КОЈА ЗАВРШУВА НА 31 ДЕКЕМВРИ 2017 ГОДИНА**

**Прилеп, јуни 2018**

## СОДРЖИНА

| | Страна |
|---|---|
| Извештај на независниот ревизор | 1-2 |
| Финансиски извештаи | |
| Извештај за сеопфатна добивка | |
| Извештај за финансиската состојба | |
| Извештај за паричните текови | |
| Извештај за промените во главнината | |
| Белешки кон финансиските извештаи | |

**Додатоци**

Додаток 1-Законски обврски за составување на Годишна сметка и Годишен извештај за работење

Додаток 2-Годишна сметка (Извештај за финансиска состојба, Извештај за сеопфатна добивка)

Додаток 3-Годишен извештај за работење

Друштво за ревизија
**ПЕЛАГОНИСКА РЕВИЗОРСКА КУЌА**
**ДОО Прилеп**

ул. „Драган Димески“ бр. 19
7500 Прилеп
Република Македонија
П. фах: 256
телефон./факс: ++389(0)48 413-856
web: http://www.perk.com.mk
e-mail: perk@perk.com.m

**ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР**
**ДО**
**ОСНОВАЧОТ НА**
**МАКМОНТИНГ М ДООЕЛ Штип**

**Извештај за финансиските извештаи**

Ние извршивме ревизија на приложените посебни финансиски извештаи на МАКМОНТИНГ-М ДООЕЛ-Штип (во понатамошниот текст: Друштвото), коишто ги вклучуваат Извештајот за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2017 година, Извештајот за сеопфатна добивка, Извештајот за промени во главнината, Извештајот за парични текови за годината која завршува тогаш, како и преглед на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

## Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи

Менаџментот на Друштвото е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измама или грешка.

## Одговорност на ревизорот

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи, врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со ревизорските стандарди кои се во примена во Република Македонија (Сл. Весник на РМ бр.79/2010). Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизија за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи на Друштвото за да обликуваат ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не и за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото.

Ревизијата, исто така, вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

**Мислење**

Според нашето мислење, финансиските извештаи објективно ја презентираат во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Макмонтинг М ДООЕЛ Штип на 31 декември 2017 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината којашто завршува тогаш, во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија.

**Нагласување на прашања**

Како што е објавено во Белешката 4.2 кон придружните посебни финансиски извештаи, финансиските извештаи со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2017 година се подготвени на претпоставката за неограничен континуитет во деловното работење на Друштвото. Имено, Собранието на акционери на Макпромет АД Штип на 28.07.2017 година донесе Одлука за статусна промена и започна постапка за присоединување на Друштвото за проектирање, производство и монтажа на опрема и инсталации Макмонтинг –М ДООЕЛ кон матичното друштво Европа ДООЕЛ Штип. Присоединувањето ќе се направи по пат на универзален пренос на целиот имот и обврски на ДООЕЛ Макмонтинг-М Штип кон ДООЕЛ Европа Штип, по нивната сметководствена вредност на утврдениот датум 29 декември 2017 год. По завршувањето на постапката за присоединување, Макмонтинг-М ДООЕЛ Штип престанува да постои како правен субјект, без постапка на ликвидација.
Деловните активности на Макмонтинг-М ДООЕЛ Штип продолжуваат во неограничен континуитет во рамките на матичното друштво Европа ДООЕЛ Штип, што нема да има влијание врз заинтересираните страни на Макмонтинг-М ДООЕЛ, Штип, како последица на присоединувањето. Според проценката на Раководството, примената на претпоставката за неограничен континуитет при подготовката на овие финансиски извештаи е соодветна бидејќи тоа ја одразува суштината на ситуацијата и начинот на кој идните економски користи поврзани со средствата ќе се влеат во матичното друштво Европа ДООЕЛ Штип, и начинот на кој начин сегашните обврски ќе се подмират.
Нашето мислење не е дополнително модификувано во однос на гореспоменатото прашање.

**Останати прашања**

Посебните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31декември 2016 година не се ревидирани и ова е прва ревизија на финансиските извештаи на Друштвото.

## Извештај за други правни и регулативни барања

Менаџментот на Друштвото е, исто така, одговорен за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 352, член 384 и член 477 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/2004, ... 61/2016).

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/2010, ... 23/2016) е да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2017 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работата е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работењето е конзистентен од сите материјални аспекти со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи МАКМОНТИНГ М ДООЕЛ Штип за годината која завршува на 31 декември 2017 година.

П р и л е п,
12 јуни 2018 година

Овластен ревизор

Пецко Ристески

Пелагониска Ревизорска Куќа
ДОО П р и л е п
Управител

Пецко Ристески

ПЕЛАГОНИСКА РЕВИЗОРСКА КУЌА Друштво за ревизија ДОО Прилеп

# Финансиски извештаи за годината завршена на 31.12.2017 во согласност со барањата на сметководствените стандарди прифатени во Република Македонија за МАКМОНТИНГ М ДООЕЛ Штип

Извештај за финансиската состојба
Извештај за сеопфатна добивка
Извештај на паричниот тек
Извештај за промените во главнината

Овие финансиски извештаи се потпишани на 29.12.2017 год. од управителот Стојанче Максимов.

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА**
**НА МАКМОНТИНГ-М ДООЕЛ Штип**
на 31 декември 2017 година

| | Белешки | 31 декември 2017 во (000) МКД | 31 декември 2016 во (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **СРЕДСТВА** | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | | | |
| Материјални средства | 24 | 4 537 | 5 407 |
| Вложувања во недвижности | | | |
| Долгорочни финансиски средства | 25 | 53 064 | 75 085 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **57 601** | **80 492** |
| **Тековни средства** | | | |
| Залихи | 26 | 750 | 819 |
| Побарувања од поврзани друштва | | | 661 |
| Побарувања од купувачи | 27 | 14 145 | 14 404 |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | | | |
| Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акциза и за останати давачки кон државата (претплати) | 27 | 355 | 1 083 |
| Побарувања од вработените | 27 | 242 | 353 |
| Останати краткорочни побарувања | 27 | 432 | 141 |
| Краткорочни финансиски средства | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 28 | 62 | 240 |
| Платени трошоци за идните периоди и пресметани приходи (АВР) | 27 | 1 453 | 2 477 |
| **Вкупно тековни средства** | | **17 439** | **20 178** |
| **ВКУПНО СРЕДСТВА** | | **75 040** | **100 670** |
| **ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ** | | | |
| **Главнина и резерви** | **29** | | |
| Основна главнина | | 489 | 489 |
| Ревалоризациска резерва | | | |
| Резерви | | | |
| Акумулирана добивка | | | |
| Останати резерви | | | |
| Пренесена загуба (-) | | (20 086) | (17 493) |
| Добивка/Загуба за деловната година | | (9 012) | (2 593) |
| **Вкупно главнина и резерви** | | **(28 609)** | **(19 597)** |
| **Долгорочни резервирања за ризици и трошоци** | | | - |
| **Долгорочни обврски** | **30** | | **217** |
| **Одложени даночни обврски** | | | - |
| **Тековни обврски** | **31** | | |
| Обврски спрема поврзани друштва | | 7 581 | |
| Обврски спрема добавувачи | | 7 952 | 26 445 |
| Обврски за позајмици | | 87 440 | 92 329 |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и надомести на плата | | 158 | 164 |
| Обврски кон вработените | | 518 | 562 |
| Тековни даночни обврски | | | 550 |
| Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва | | | |
| Обврски по заеми и кредити | | | |
| Обврски по основ на учество во резултатот | | | |
| Останати финансиски обврски | | | |
| Останати краткорочни обврски | | | |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди | | | |
| **Вкупно тековни обврски** | | **103 649** | **120 050** |
| **Вкупно обврски** | | **103 649** | **120 267** |
| **ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ** | | **75 040** | **100 670** |

Овие посебни финансиски извештаи се одобрени од Раководството на друштвото на 29.12.2017 год.
и потпишани во негово име од

Управител,
Стојанче Максимов

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКА ИЛИ ЗАГУБА И ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
## НА МАКМОНТИНГ-М ДООЕЛ Штип
на 31 декември 2017 година

| | Белешки | 31 декември 2017 во (000) МКД | 31 декември 2016 во (000) МКД |
|---|---|---|---|
| **Приходи од работењето** | | **31 225** | **35 414** |
| Приходи од продажба | 9 | 30 084 | 34 797 |
| Останати приходи | 10 | 1 141 | 617 |
| **Промена на вредноста на залихи на готови производи и на недовршено производство** | | | |
| Капитализирано сопствено производство и услуги | | | |
| **Расходи од работењето** | | **40 590** | **38 198** |
| Трошоци за суровини и други материјали | 11 | 16 202 | 19 658 |
| Набавна вредност на продадени стоки | 12 | 4 | |
| Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми | | | |
| Услуги со карактер на материјални трошоци | 13 | 1 326 | 2 452 |
| Останати трошоци од работењето | 14 | 1 794 | 1 491 |
| Трошоци за вработените | 15 | 7 542 | 7 190 |
| Амортизација на материјалните и нематеријалните средства | 16 | 781 | 803 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства | 17 | 225 | 298 |
| Резервирања за трошоци и ризици | | | |
| Останати расходи од работењето | 18 | 12 716 | 6 306 |
| **Финансиски приходи** | 19 | **370** | **935** |
| **Финансиски расходи** | 20 | **17** | **744** |
| **Удел во загубата/добивката на придружените друштва** | | | - |
| **Добивка/Загуба од редовното работење** | 21 | **(9 012)** | **(2 593)** |
| Нето добивка/загуба од прекинати работења | | | - |
| **Добивка/Загуба пред оданочување** | 21 | **(9 012)** | **(2 593)** |
| Данок на добивка | | | |
| Одложени даночни приходи/расходи | | | - |
| **Нето добивка/загуба за деловната година** | 22 | **(9 012)** | **(2 593)** |
| Останата сеопфатна добивка | | | - |
| Останата сеопфатна загуба | | | - |
| **Вкупна сеопфатна добивка (загуба) за годината** | 23 | **(9 012)** | **(2 593)** |
| Сеопфатна добивка (загуба) којашто им припаѓа на имателите на матичното друштво | | (9 012) | (2 593) |
| | | | - |

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
# НА МАКМОНТИНГ-М ДООЕЛ Штип

на 31 декември 2017 година

| | 31 декември 2017 во (000) МКД | 31 декември2016 во (000) МКД |
|---|---|---|
| **I. Готовински тек од оперативни активности** | | |
| **Нето добивка/загуба по оданочување** | | |
| **Амортизација на основни средства** | (9 012) | (2 593) |
| **Зголемување/намалување на тековните средства** | 781 | 803 |
| Залихи | | |
| Побарувања од поврзани друштва | 69 | (1) |
| Побарувања од купувачи | 661 | (661) |
| Побарувања за дадени аванси на добавувачи | 259 | 1 208 |
| Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати) | - | - |
| Побарувања од вработените | 728 | 87 |
| Останати краткорочни побарувања | 111 | 21 |
| Платени трошоци за идните периоди и пресметани приходи (АВР) | (291) | 2 483 |
| | 1 024 | (988) |
| **Зголемување/намалување на тековни обврски** | **2 561** | **2 149** |
| Обврски спрема поврзани друштва | | |
| Обврски спрема добавувачи | 7 581 | - |
| Обврски за аванси, депозити и кауции | (18 493) | (2 061) |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести на плата | (4 889) | 583 |
| Обврски кон вработените | (6) | (574) |
| Тековни даночни обврски | (44) | (2 917) |
| Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва | (550) | 509 |
| Обврски по заеми и кредити | - | - |
| Обврски по основ на учество во резултатот | - | - |
| Останати финансиски обврски | - | - |
| Останати краткорочни обврски | - | - |
| Одложено плаќање на трошоци и приходи на идните периоди (ПВР) | - | - |
| | - | - |
| **Вкупно нето готовина од оперативни активности** | **(16 401)** | **(4 460)** |
| | **(22 071)** | **(4 101)** |
| **II. Готовински тек од инвестициски активности** | | |
| Нематеријални средства | | |
| Материјални средства | - | - |
| Вложувања во недвижности | 89 | (210) |
| Долгорочни финансиски средства | - | - |
| Краткорочни финансиски средства | 22 021 | 6 398 |
| **Вкупно нето готовина од инвестициски активности** | - | - |
| | **22 110** | **6 188** |
| **III. Готовински тек од финансиски активности** | | |
| Главнина и резерви | | |
| Долгорочни резервирања за ризици и трошоци | - | |
| Долгорочни обврски | - | - |
| Одложени даночни обврски | (217) | (2 161) |
| **Вкупно нето готовина од финансиски активности** | - | - |
| **Вкупно нето пораст/намалување на готовината** | **(217)** | **(2 161)** |
| **Готовина на почетокот од годината** | **(178)** | **(74)** |
| **Готовина на крајот од годината** | **240** | **314** |
| | **62** | **240** |

Белешките се составен дел на финансиските извештаи.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА
## НА МАКМОНТИНГ-М ДООЕЛ Штип
на 31 декември 2017 година

| ОПИС | Состојба на 31 декември 2016 година (во 000 МКД) | Зголемување (во 000 МКД) | Намалување (во 000 МКД) | Состојба на 31 декември 2017 година (во 000 МКД) |
|---|---|---|---|---|
| Основна главнина | 489 | - | - | 489 |
| Ревалоризациона резерва | - | - | - | - |
| Резерви | - | - | - | - |
| Акумулирана добивка | - | | | - |
| Пренесена загуба | (17 493) | (2 593) | | (20 086) |
| Исплатени дивиденди | - | | | - |
| Задржан данок | | | | |
| Добивка / Загуба за финансиската година | (2 593) | (9 012) | 2 593 | (9 012) |
| **Вкупно главнина и резерви** | **(19 597)** | **(11 605)** | **2 593** | **(28 609)** |

Белешките се составен дел на финансиските извештаи.